# ПРЕ/ПАКЕТ/ИРАЊЕ $V_x$ / $V_1$ – (...)

# PRE/PACKET/ING $V_x$ thru $V_1$ – (...)

Славчо Спировски
Slavčo Spirovski



Поддржано од Министерството за култура на Република Македонија и Национална галерија на Македонија
Supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia and the National Gallery of Macedonia

Министерство за култура на Република Македонија
Ministry of Culture of the Republic of Macedonia

Национална галерија на Македонија
National Gallery of Macedonia

Славчо Спировски / Slavčo Spirovski

# ПРЕ/ПАКЕТ/ИРАЊЕ $V_x$ / $V_1$ – (...)

# PRE/PACKET/iNG $V_x$ thru $V_1$ – (...)

Мултимедијален центар, Мала станица - Скопје, 2011
Multimedia Center, Mala stanica - Skopje, 2011

## Пре/пакет/ирање Vx / V1 - (...)

Истражувањето на односот меѓу просторот и скулптурата како нераздвојни ентитети (просторот е дефинициски содржан во дефиницијата за скулптура) во континуитет ја карактеризира досегашна работа на Славчо Спировски. Во насока на истражување на просторот како место, средина, средство за одредување положба на артефактите, апстрактна математичка замисла..., авторот ги менува состојбите, функциите и значењата на објектите. Аналитичен по својата природа, интересот на Славчо Спировски е насочен кон концептуалното восприемање на поимот скулптура. Тој е доследен на искуствата и афинитетите кон двојноста уметност/наука во контекст на аналитичко расчленување на содржинските и техничките елементи од кои е составена скулптурата (скици, макети, постамент, материјал, простор, волумен...), додека формалната пластична појавност и користењето конкретен материјал е на границата на губење на својата смисла. Конкретно, тој е интригиран од смислата и значењето на содржината на она што се дефинира под класичниот поим скулптура, како и различните нивоа на формирање, претставување и толкување на овој поим.

Најновата изложба на Славчо Спировски, насловена **Пре/пакет/ирање Vx / V1 - (...)**, се состои од три различни просторни состојби што произлегуваат не само од “обработката“ на конкретниот материјал, туку и од предизвикот да се надминат недостатоците и ограничувањата на просторот. Притоа, тој секогаш остава повеќе можни исчитувања на споменатите состојби, било да станува збор за уривање/поништување на формата (но нејзина присутност), односот на светло и сенка, скицуозност, гравитирање кон под… Насловот на изложбата е насочен кон симболично именување на “производот/скулптурите“ и одредува состојби на претпоставен непознат волумен (внатрешен простор, зафатнина на постојно тело итн.). Процесот на изведба го одредува процесот на препакување на кутиите, кои се веќе спакувани сами по себе и со кои се доаѓа до делата (преобликуваните картонски кутии).

Иако според математичката логика равенката треба да биде решение/збир од волуменот на спакуваниот предмет и останатиот волумен, авторот ја остава незавршена со цел да се навести дополнителна загатка. Незавршената равенка остава простор за истражување на она што и претходи на скулптурата, поточно она што се наоѓа во неа, конкретно нејзината содржина, именувана од авторот како “внатрешност“. Всушност, волуменот што го зафаќа кутијата е составен од збирот на другите два волумена што се наоѓаат во внатрешноста, кои се обични картонски прегради, добро пресметани и интересни превиткувања на картон, кои овозможуваат неподвижност на пакуваниот предмет (во дадениот случај е значајно да се потенцира отсуството на предметот што е спакуван во внатрешноста на кутиите).

Во обидот да се освојат одвоените целини на изложбениот простор, со сите негови негативни и позитивни аспекти, изложбата **Пре/пакет/ирање Vx / V1 - (...)** претставува три просторни состојби. Во првата состојба е третирана различната форма на преобликуваните кутии. Формата и обликот што се добиени како резултат на различно третирање на секоја поединечна кутија е добиен со сечење, превиткување, прилепување, разложување, сегментирање, извлекување итн., со цел барање на можно скулптурално решение. Количеството картон што го содржи една кутија во себе не е променета, т.е. материјалот од кој секоја од кутиите е направена се уште се содржи во поединечните просторни/скулптурални решенија. Според авторот, ваквата "работа со зададен материјал“ ја истражува и можноста со неколку "потези“ да се променат обликот и формата на однапред зададена (фиксна форма), со што се менува и нејзината суштина… Ако сакаме да бидеме и дополнително продлабочени во целата концепција (на оваа просторна сензација), неа ќе ја сведеме на "скицуозност“… односно на преодна форма кон можна скулптуралност, потоа “негирање“ на формата кон постигнување на краен визуелен ефект на просторна релјефност.

Втората ситуација се случува во средишниот дел на втората просторија - тоа е кружна конусна форма составена од мноштво “внатрешности“ и претставува егзистирање на одредено количество предметна просторност во зададен

простор. Третата ситуација, пак, е прочистена и претставува единствена внимателно избрана и просторно издвоена "внатрешност", поставена на постамент, со што се потенцира празнината, а воедно и нејзиниот активен однос кон целиот простор. Ваквата поставеност претставува своевиден сублимат на претходната игра на конфронтирани релации: празно-полно-активно-пасивно-ред-хаос-присутност-неприсутност...

Славчо Спировски инсистира на аналитички интерпретативни решенија или концепти на визуелни презентации што се базирани врз тавтолошкиот момент на доживувањето на скулптурата. Близок до аналитичката естетика, која со концептуални и семиотички модели ги опишува, објаснува и ги интерпретира естетиката, теоријата на уметноста, уметничката практика, авторот ги рефлектира своите замисли на отворен концепт и одредници што го дефинираат артефактот како уметничко дело изместувајќи ги составните делови и односите на елементите на ликовната градба. Можеме да констатираме дека станува збор за концептуални скулптури изведени со примена на математичка анализа на уметноста и правила и процеси на генерирање и трансформирање на визуелните и концептуалните структури, кои во крајна линија имаат скриен општествен контекст, односно реферираат на модел и процес преку кој рационално се изразени одделни аспекти на потрошувачкото општество, односот илузии-реалност, па дури и визуелна алегорија на деконструкција на појавноста.

Маја Чанкуловска-Михајловска




















## Pre/packet/ing Vx thru V1 - (...)

The research done on the relation between the space and the sculpture, as inseparable entities, (the space is by definition made part of the sculpture definition), continuously characterize Slavčo Spirovski's current work. In regard to the research done on the space meaning a place, an environment, means of determining the position of the artifacts, the abstract mathematical notion…, the artist changes the situations, the functions and the significances of the objects. Analytical by its nature, Slavčo Spirovski's interest is being directed towards the conceptual acceptance of the very idea of the sculpture. He is consistent with his experiences and affinities towards the dualism art/science in regard to analytical division of the subject matter and technical elements that make constituent part of the whole sculpture (drawings, models, pedestal, material, space, volume…), whereas the formal plastic form and the usage of specific material reaches the border of losing its sense and meaning. More specifically, he is intrigued by the sense and the meaning of the content of what is being defined under the classic idea of the sculpture, as well as by the different levels in which this idea is being formed, presented and interpreted.

Slavčo Spirovski's latest exhibition, titled Pre/packet/ing Vx thru V1 – (…), consists of three different spacious situations originating not only from the "treatment" of the specific material, but from the very challenge to overcome all the imperfections and restrictions of the space itself. Thus, he always leaves room for quite a few possible clearings of the mentioned states, no matter if it is about ruining/destroying the form (yet, its presence remains), or about the relation between the light and the shadow, adumbration, gravity towards the ground… The title of the exhibition suggests symbolical description of the "product/sculptures" and determines the states of unspecified and unidentified volume (inner space, volume of the existing object, etc.). The very process of creating the work, determines the process of repacking the boxes, which have already been packed by themselves and lead us directly to the works (reshaped carton boxes).

Regardless of the mathematical logic, according to which the equation is to be solution/sum of the volume of the packed object and the rest of the volume, the artist leaves it incomplete so as to suggest additional puzzle. The uncompleted equation leaves room for researches to be done on what precedes the sculpture itself, more precisely on what is inside of it, researches on its content, being named by the author as "interior". As a matter of fact, the volume that the box occupies is equal to the sum of the other two volumes of the interior, being simple carton partitions, well calculated and with interesting ways in which the carton is being folded, thus enabling immobility of the packed object (in this specific case it is crucial to draw attention to the absence of the packed object inside the boxes).

Trying to master the separate entireties of the exhibition area, with all its negative and positive aspects, the exhibition Pre/packet/ing Vx thru V1 – (…) presents three states of the space. The first state deals with the different form of the reshaped boxes. The form and the shape obtained as a result of the different treatment of each individual box separately is achieved by cutting, folding, attaching, disassembling, segmenting, extracting, etc., the purpose of which is looking for a structural solution. The quantity of carton that each box holds in itself has not changed, i.e. the material that each box is made of, still represents a constituent part of the individual spacious/sculptural solution. According to the author, such a "work with specified material", explores the possibility, with only a few "strokes" to change the shape and the form of the previously set (fixed) form, thus, altering its essence as well… Should we desire to additionally and more profoundly look into the whole conception (of this spacious sensation), we bring the same to the level of "adumbration"…i.e. a transient form towards possible sculpture, followed by "denial" of the form and achieving eventually a visual effect of a spacious relief.

The second situation takes place in the central part of the second area – it is a round, conical form composed of numerous "interiors" and represents the existence of a certain quantity of object vastness in a given space. On the other hand, the third situation is being purified and represents a unique, carefully selected and spaciously isolated "interior", set on a pedestal, emphasizing the emptiness,

and at the same time its active relation towards the entire space. Such an adjustment represents a distinctive sublimate of the previous game of confronted relations: full-empty-active-passive-order-chaos-presence-non-presence...

Slavčo Spirovski insists on analytical and interpretative solutions or concepts of visual presentations that are based on the tautological moment of experiencing the sculpture. Being very close to the analytical aesthetics, which by means of conceptual and semiotic models describes, explains and interprets the aesthetics, the theory of art and the artistic practice, the author reflects his ideas of an open concept and targets that define the artifact as a work of art, rearranging the constituent parts and the relations between the elements of the artistic structure. We can say that it is about conceptual structures created by means of mathematical analysis of the art as well as the rules and procedures applicable for the process of generating and transforming the visual and conceptual structures; which, finally, possess a hidden social context, i.e. refer to a model and a process that in a very rational way expresses particular aspects of the consumers' society, the relation illusion-reality, and even the visual allegory of the deconstruction of the exterior.

Maja Cankulovska - Mihajlovska



Роден е 1975 година во Скопје, Македонија. Дипломира 2006 на Факултетот за ликовни уметности во Скопје на педагошкиот оддел, отсек скулптура во класата на професор Станко Павлески.

**Самостојни изложби:**

2011 Скопје, *Пре/пакет/ирање Vx / $V_1$ - (...)*, Национална галерија на Македонија, Мала станица

2010 Скопје, *Пресек за скулптурата над*, Национална галерија на Македонија, Чифте амам

2008 Скопје, *Денес* - Годишна награда за млад ликовен уметник, Музеј на град Скопје

2007 Скопје, *Пирамидите во h=0*, Младински културен центар

2006 Скопје, Мултимедијален проект *Соработка помеѓу уметностите 2*, заедно со пијанистот Симон Трпчески, Национална галерија на Македонија - Даут пашин амам

2005 Гевгелија, Прилеп, *Соработка помеѓу уметностите*, со пијанистот Симон Трпчески, Аполонија Груп и Центар за култура „Марко Цепенков“ (Прилепско лето)

**Групни изложби:**

2009 Бејрут (Либан), *6 Интернационални Франкофонски игри - Бејрут 2009*, Галерија на УНЕСКО
Сплит (Хрватска), *Мои перспективи*, Хотел Адрија
Скопје, *8-мо Биенале на млади - Идентитети*, Музеј на современата уметност, Скопје
Приштина (Косово), *8-мо Биенале на млади - Идентитети*, Уметничката галерија на Косово

2008 Нови Сад (Србија), *Простор за нов дијалог*, Музеј на современата уметност на Војводина

2004 Дебар, *Етничките и религиозните симболи и нивната употреба и злоупотреба*, Градски совет на Општина Ростуше

2002 Скопје, *4 (четири)*, Младински културен центар
Велес, 1-во Меѓународно Биенале на Мала Графика *Графички Круг*, Галерија при Народен музеј Велес

2001 Добрич (Бугарија), *Експериментално Студио Хартија и графика заедно*
Белград, (Србија), *Интернационално Студентско Биенале за Цртеж*, Галерија ФЛУ Белград
Велес, *Колонија за брзо сликање*, Галерија при Народен музеј Велес

1999 – 2002
Скопје, Годишни студентски изложби на ФЛУ – Скопје, ФЛУ

**Награда:**
Студент на генерацијата 1998 - 2002 год.

Born 01.02.1975 in Skopje, Republic of Macedonia. Faculty of Fine Arts Skopje, Macedonia, BFA 2006, pedagogical section, sub-section sculpture in the class of Professor Stanko Pavleski.

**Solo Exhibitions:**

2011 Skopje (Macedonia), *Pre/packet/ing Vx thru $V_1$ - (...)*, National Gallery of Macedonia, Mala stanica

2010 Skopje (Macedonia), *Intersection for the Sculpture Above*, National Gallery of Macedonia, Cifte Hamam

2008 Skopje (Macedonia), *Denes - Young Visual Artist Award*, Museum of the City of Skopje

2007 Skopje (Macedonia), *The Pyramids in h=0*, Youth Cultural Center

2006 Skopje (Macedonia), Multimedia project *Cooperation between Arts 2*, together with the pianist Simon Trpčeski - National Gallery of Macedonia, Daut Pasha Hamam

2005 Gevgelija, Prilep (Macedonia), *Cooperation between Arts*, Apollonia Group and Cultural Center "Marko Cepenkov" (Prilep Summer Festival)

**Group Art Exhibitions:**

2009 Beirut (Lebanon), 6th *International Francophone Games Beirut 2009*, UNESCO Gallery
Split (Croatia), *My perspectives*, Hotel Adria
Skopje (Macedonia), 8th *Biennial of Young Artists - Identities*, Museum of Contemporary Art, Skopje
Pristina (Kosovo), 8th *Biennial of Young Artists - Identities*, Kosovo Art Gallery

2008 Novi Sad (Serbia), *Space for New Dialogue*, Museum of the Contemporary Art Vojvodina

2004 Debar (Macedonia), *Ethnic & Religious Symbols, their use and abuse*, Rostuse Town Hall

2002 Skopje (Macedonia), *4 (four)*, Youth Cultural Center
Veles (Macedonia), 1st International Mini Print Biennial Exhibition, *Graphic Circle*, Art Gallery, National Museum Veles

2001 Dobrich (Bulgaria), Experimental Studio *Paper and Print Together*
Belgrade (Serbia), *International Student Drawing Biennial*, FFA Gallery Belgrade
Veles (Macedonia), *Colony for Quick Painting*, Art Gallery, National Museum Veles

1999 – 2002
Skopje (Macedonia), Annual Student Exhibition of FFA - Skopje, FFA

**Award:**
Best University student of the Faculty of Fine Arts 1998-2002



**Оваа изложба ја посветувам на мојот татко, за неговата истрајност, пожртвуваност и бескрајна поддршка. Воедно сакам да се заблагодарам на моето семејство, роднини, пријатели и на сите кои помогнаа во реализацијата на оваа изложба.**

**I dedicate this exhibition to my father, for his perseverance, dedication and endless support. At the same time, I want to express my gratitude to my family, relatives, friends and to all who have helped in the realization of this exhibition.**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.038.54(497.7)(06.064)Спировски,С.
7.038.55(497.7)(06.064)Спировски,С.

СПИРОВСКИ, Славчо
Пре/пакет/ирање Vx/V1 - (...): Мала станица, Мултимедијален центар, Скопје 2011 / Славчо Спировски; [текст Маја Чанкуловска-Михајловска; превод на англиски Валентина Данилова; фотографии Славчо Спировски; дизајн Славчо Спировски]

Pre/packet/ing Vx thru V1 - (...): Mala stanica, Multimedia center, Skopje 2011 / Slavčo Spirovski; [text Maja Cankulovska-Mihajlovska; English translation Valentina Danilova; photographs Slavčo Spirovski; design Slavčo Spirovski]. - Скопје: С. Спировски, 2011. - 10 стр.: илустр.; 21x21 см

ISBN 978-9989-57-799-4
1. Насп. ств. насл. - I. Spirovski, Slavčo види Спировски, Славчо
а) Ликовни инсталации - Концептуална уметност - Македонија - Изложби
COBISS.MK-ID 89963018


-18°C/-0.4°F